# УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Секое користење на интернет-страницата на welcomebook.atlanticgrupa.com подлежи на долунаведените услови и со користење или преземање на датотеките објавени на неа, се согласувате со сите услови наведени во продолжение. Во случај да не се согласувате со условите, не користете ја интернет-страницата, односно не преземајте датотеки од неа. Документите објавени на оваа веб-локација смеат да се копираат само за некомерцијални цели и само за индивидуална употреба и со почитување на сите авторски права, други сопственички права и секое наведено ограничување на правата.

Затоа, забрането е јавно прикажување, пренесување, објавување, менување, репродуцирање, дистрибуирање, учество во пренос или продажба, поставување и каков било друг вид на употреба на целокупната содржина на овие страници или на еден од нивните делови, како и избор и усогласување на нивната содржина, без претходна и изречна писмена дозвола од Атлантик Група а.д. и другите сопственици на авторски права. Доколку има таква дозвола, не е дозволено да се бришат или менуваат постоечките информации што се однесуваат на авторските права и/или на трговската марка. Содржината што ја користите е наменета исклучиво за лична употреба. Логотиповите и трговските марки претставени на овие страници се во сопственост на Атлантик Група а.д. и не смеат да се користат на други интернет-страници без претходно писмено одобрение од Атлантик Група а.д. Трговската марка на Атлантик Група а.д. или кој било друг заштитен знак што го содржи не смее да се поставува на друга интернет-страница без претходно писмено одобрение од Атлантик Група а.д.

Сите фотографии, слики, видеа, биографски податоци за лица и останати материјали што се појавуваат на овие интернет-страници се во ексклузивна сопственост на Атлантик Група а.д. Авторските права за сите материјали што се наоѓаат на интернет-страницата ѝ припаѓаат на Атлантик Група а.д. Сите права се задржани. На субјекти им се дава дозвола за користење на овие материјали исклучиво за рекламни, уредувачки и информативни цели за објавување во весници, списанија и електронски медиуми. Не е дозволена друга употреба на материјалите од интернет-страницата на Атлантик Група а.д. Исто така, не е дозволена употреба на кој било материјал од овие интернет-страници во врска со продажба или нудење на продажба на производи или услуги од каков било вид. Со користење на материјалите од интернет-страницата, медиумските корисници се обврзуваат во целост да се придржуваат до ограничувањата, условите и барањата што се утврдени овде.

ATLANTIC
GRUPA

Атлантик Група а.д. ќе вложи разумен напор за на нејзината интернет-страница да се објавуваат точни и актуелни податоци. Атлантик Група а.д. во никој случај не презема одговорност за каква било штета или загуба што настанала поради користење на информациите објавени на овие интернет-страници. Информациите на овие страници може да содржат технички неточности и типографски грешки. Може да се променат или објават без претходна најава. Атлантик Група а.д. не гарантира дека оваа веб-локација секогаш ќе биде достапна и на располагање и дека нема да содржи грешки и вируси. Секој корисник изречно прифаќа да ја користи оваа веб-локација на сопствена одговорност.

Кога ни праќате електронска пошта (email) со лични податоци што може да се користат за идентификација, било преку е-пошта со прашање или коментар или преку формулар што ни го испраќате преку е-пошта, ние ги користиме тие податоци за да ги исполниме вашите барања. Можеби вашата е-пошта ќе ја испратиме до други вработени или добавувачи кои ќе можат подобро да одговорат на вашите прашања. Атлантик Група а.д. е свесна за важноста на приватноста и доверливоста. Според тоа, ќе се погрижиме за безбедноста и интегритетот на сите податоци од лична природа, целосно почитувајќи ги важечките закони.

Атлантик Група а.д. го задржува правото на измена или прекин на сите или кој било дел од оваа веб-локација и на условите за користење, во секое време. Промените влегуваат во сила со објавување на оваа адреса.